ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2829/1
22-10-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

## *ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 08-2383/1 од 28.04.2023 година за проверка на лицето ___________________, претседател на ______________ за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК оцени дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 08-2383/1 од 28.04.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 15.07.2025 година, поднесена е пријава со наводи дека лицето _______________, претседател на ___________________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси, по што е оформен предмет со број 08-2383/1 од 28.04.2023 година.

По разгледување на пријавата Државната комисија заклучи дека согласно член 82 став 1 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси лицето нема обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил**: м-р Б.К.Ш, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk